Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 75-тата седница одржана на 14.10.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-2530/1 од 22.07.2021 година, со наводи за ненавремено и непрофесионално постапување на повеќе институции, медиуми и носители на јавни функции во врска планирана изградба на висококатници, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во пријавата нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност. Воедно, за дел од наводите ДКСК веќе има постапувано по предмети со слична фактографија на наводи за што се има произнесено, и за што има поднесено Иницијатива за кривично гонење до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Предметот со број 12-2530/1 од 22.07.2021 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител на ден 22.07.2021 година поднесена е пријава со наводи за ненавремено постапување на повеќе страни во врска планираната изградба на висококатници на парцела спроти „Холидеј Ин", и оформен е предмет број 12-2530/1 од 22.07.2021 година.

Во пријавата подносителот изразува незадоволство од издадената дозвола за градба на висококатници на паркингот спроти хотелот „Холидеј Ин" во Скопје за што истиот смета дека ќе придонесе за уништување на центарот на главниот град. Подносителот изразува незадоволство од ненавременото постапување и од непреземањето на дејствија во насока на оневозможување на изградбата од страна на повеќе институции, медиуми и носители на јавни функции до кои тој се обратил.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата се изнесени општи наводи за ненавремено и непрофесионално постапување од страна на посочените страни, без да бидат изнесени јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност. ДКСК констатира дека во случајот се работи за наводи поврзани со

околностите на постапката за изградба на висококатници на парцела лоцирана на паркингот спроти хотелот „Холидеј Ин" во Скопје, за што ДКСК веќе има постапувано по што има донесено неколку одлуки од нејзина надлежност. Воедно, во врска со околности поврзани со предметните наводи, ДКСК има поднесено и Иницијатива за кривично гонење до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај. Имајќи го предвид наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**